Бр./Nr 12-333/8
26-02-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 15-та седница одржана на 21.02.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Постапката по предметот бр. 12-2890/1 од 08.11.2024 година, оформен по доставена пријава против Државниот завод за ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-2890/1 од 08.11.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 08.11.2024 година, поднесена е пријава против Државниот завод за ревизија и оформен е предмет бр. 12-2890/1 од 08.11.2024 година.

Во пријавата е наведено дека во Државниот завод за ---- (понатаму: ----) на одредени вработени им биле исплатени додатоци во вид на награди, во износ до 500 евра месечно, без утврдени критериуми за доделување на истите. Дополнително, подносителот на пријавата наведува и дека при одлучувањето не се изготвувал поединечен акт со образложение за причините за таквото наградување.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање на информации до ----.

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
----со допис – Одговор по барање за доставување на податоци и информации бр. -----81/1 од 20.01.2025 година (со прилог документација: предлози за додатоци на плата, извештаи за остварување на право на исплата на додаток на плата итн.), образложи дека во текот на целата 2024 година, ---- немала исплатено средства по основ на награда на ниту еден вработен. Со цел на почитување на принципите на транспарентност и отчетност, информираат дека за месеците септември, октомври и ноември 2024 година, ---- имала исплатено додатоци на плата на вработени заради специфичноста на работите и работните задачи и зголемен обем на работа согласно Уредбата бр. 41-1327/3 од 22.01.2024 година, за утврдување на поблиските критериуми и начинот на утврдување на висината за остварување на правото на додаток на плата на вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 16/2024) (понатаму: Уредба), којашто е донесена врз основа на член 9 став 2 од Законот за извршување на буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 283/2023 и 169/2024) (понатаму: Закон).

*Според член 9 став 1 од Законот, вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите имаат право на додаток на плата во висина до 30% од износот на основната плата заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа, доколку во буџетот на буџетските корисници, единките корисници и фондовите се обезбедени средства за оваа намена.*
*Според став 2 од истиот член, поблиските критериуми за остварување на правото на додатокот и начинот на утврдување на висината на додатокот од ставот 1 на овој член, на предлог на Министерството за финансии и Министерството за информатичко општество и администрација ги утврдува Владата на Република Северна Македонија.*
*Според член 2 од Уредбата, додатокот на плата од членот 1 од оваа уредба, вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите може да го остварат заради дополнителниот придонес во извршување на специфични работи и работни задачи, зголемениот обем и сложеност на работа, како и вреднувањето на нивната успешност, компетенциите, унапредувањето на организацијата и стандардизираните процедури на работа, градењето на организациските капацитети, ефикасното извршување на надлежностите и квалитетната услуга во интерес на граѓаните и правните лица, а со тоа и надминување на очекувањата на раководното лице на буџетскиот корисник,*

*единката корисник и фондовите и/или непосредно претпоставениот административен службеник во исполнувањето и остварувањето на стратешките планови и програми на буџетските корисници, единките корисници и фондовите.*
*Според член 3 став 1 од Уредбата, вработените во буџетските корисници, единките корисници и фондовите, без избраните и именуваните лица, го остваруваат правото на додаток на плата во висина до 30% од износот на основната плата, само доколку во буџетот на буџетскиот корисник, единката корисник и фондовите, во делот наменет за плати, има обезбедено средства за оваа намена.*
*Според член 8 од Уредбата, раководното лице на буџетскиот корисник, единката корисник и фондовите, одлучува по предлогот од членот 7 став 1 од оваа уредба, со решение со кое се утврдува висината на износот на додатокот на плата изразен во проценти и временскиот период за исплата, поединечно по вработен во буџетскиот корисник, единката корисник и фондовите или донесува решение со кое се отфрла предлогот за остварување на правото на додаток на плата.*

Видно од предметната документација, ДКСК утврди дека во ---- во текот на 2024 година не се извршени исплати на вработените по основ – награди како што навел подносителот на пријавата, туку исплатени се додатоци на плата за месеците септември, октомври и ноември 2024 година, заради специфичност на работите и работните задачи и зголемен обем на работа согласно критериумите утврдени во член 2 од Уредбата, односно:

Со Решение за исплата на додаток на плата за месец септември 2024 година бр. 03-----/4 од 01.10.2024 година, се определува додаток на плата за месец септември 2024 година во износ од 15% за 7 вработени и 10% за 69 вработени од различни звања по основ на зголемен обем на работа и специфичност на работите и работните задачи.
Со Решение за исплата на додаток на плата за месец октомври 2024 година бр. 04-----/5 од 30.10.2024 година, се определува додаток на плата за месец октомври 2024 година во износ од 15% за 7 вработени и 10% за 71 вработени од различни звања по основ на зголемен обем на работа и специфичност на работите и работните задачи.
Со Решение за исплата на додаток на плата за месец ноември 2024 година бр. 03-----/4 од 29.11.2024 година, се определува додаток на плата за месец ноември 2024 година во износ од 15% за 8 вработени, 10% за 32 вработени и 5% за 38 вработени од

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

различни звања по основ на зголемен обем на работа и специфичност на работите и работните задачи.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека не е констатирана повреда на законот и нема елементи за натамошно постапување, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик Претседател

м-р Билјана Каракашова - Шулев

Изготвил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор